NSW Health

# Доброволно помогнато умирање во Нов Јужен Велс

**Voluntary assisted dying in NSW** | **Macedonian**

Во постапката на доброволно помогнато умирање во Нов Јужен Велс постојат **11 чекори**. Постапката можете да ја паузирате или прекинете во секој момент.

**ЧЕКОР 1.** **Првото барање** за доброволно помогнато умирање го поднесувате на доктор

**ЧЕКОР 2.** Доктор-координатор (coordinating doctor) ја прави **првата проценка**

**ЧЕКОР 3.** Друг доктор прави **консултантска проценка**

**ЧЕКОР 4.** Вие пополнувате **писмена изјава**

**ЧЕКОР 5.** Вие поднесувате **конечно барање** за доброволно помогнато умирање

**ЧЕКОР 6.** Вашиот доктор-координатор го прави **конечното разгледување**

**ЧЕКОР 7.** Вие одлучувате **како да го земете лекарството**, со поддршка од вашиот доктор

**ЧЕКОР 8.** Вашиот доктор поднесува **барање за одобрување на лекарството**. Одборот за доброволно помогнато умирање (Voluntary Assisted Dying Board) дава одобрение

**ЧЕКОР 9.** Вашиот доктор **го препишува лекарството**

**ЧЕКОР 10.** **Лекарството** го земате или ви се дава ако и кога вие ќе изберете

**ЧЕКОР 11.** Се издава **уверение за смрт**

## Службата за информации и помош за доброволно помогнато умирање во Нов Јужен Велс (NSW Voluntary Assisted Dying Care Navigator Service)

е телефонска линија на која се добиваат одговори на прашања за доброволното помогнато умирање.

Службата ќе им даде поддршка на сите, вклучувајќи ги пациентите и семејствата.

Јавете се на **1300 802 133** од понеделник до петок, од 8:30 наутро до 4:30 попладне.

Ова е краток преглед на клучните чекори на постапката за доброволно помогнато умирање според Voluntary Assisted Dying Act 2022 (Закон за доброволно помогнато умирање од 2022 година). Овој краток преглед е само индикативен и не ги опфаќа сите сценарија што може да се појават во текот на индивидуалната постапка за доброволно помогнато умирање на пациентот.